Република Северна Македонија
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave**

**АРХИВСКИ БРОЈ:** 04 – 302/37
29 APR 2025

Врз основа на член 22 став (1) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ„ бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025 и 74/2025) и член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016и и 11/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024) Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## О Д Л У К А

**за избор на еден (1) извршител на определено време за работно место** Самостоен референт за административна поддршка на Директорот во Одделение за административна поддршка на Директорот – Сектор за проекти и административна поддршка на директорот

1. **За работното место** Самостоен референт за административна поддршка на Директорот во Одделение за административна поддршка на Директорот – Сектор за проекти и административна поддршка на директорот при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Државен инспекторат за земјоделство се избира кандидатот **ДОНКА АНЃЕЛКОСКА ЈОВАНОВСКА.**
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време до 31.08.2025 година формирана со Решение број 04- 302/1 од 15.04.2025 година донесено од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Јавниот оглас за вработување на определено време со број 01/2025 објавен на 17.04.2025 година во дневните весници Нова Македонија и Коха за работното место број 14 од огласот: Самостоен референт за административна поддршка на Директорот во Одделение за административна поддршка на Директорот – Сектор за проекти и административна поддршка на директорот спроведе селекција за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од јавниот оглас за вработување на определено време број 04-302/24 од 25.04.2025 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 01/2025 заради спроведување на интервју број 04-302/25 од 28.04.2025 година и Предлог-одлука за избор на кандидати број 04-302/26 од 28.04.2025 година, врз основа на што Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука може да се поднесе приговор во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство до Агенцијата за администрација.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Борче Серафимовски**

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именованиот
- Сектор за човечки ресурси
- Сектор за финансиски прашања
- Агенција за вработување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ-SHKUP